Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021

Извадок на дел од дневни настани 29.04.2021

На 28.04.2021 во 17.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Центар ги лишиле од слобода К.К.(27) и А.М.(23), двајцата од Скопје и Г.С.(21) од Штип, затоа што при извршен преглед кај нив била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.04.2021 во 11.30 часот во СВР Штип, од Казнено-поправната установа Затвор Штип било пријавено дека во затвореното оделение од затворот била пронајдена една паковка со прашкаста материја. Од страна на полициски службеници од СВР Штип прашкастата материја била одземена за понатамошна постапка. Се работи на расчистување на случајот.

На 28.04.2021 во 21.00 часот во Полициската станица Гази Баба, Д.Г.(59) од Скопје пријавила дека на ул.„Маџари" нејзината малолетна ќерка била касната од куче скитник.

СВР Скопје во текот на 28.04.2021 продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 187 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 34 санкции, 13 за возење без возачка дозвола, шест за технички неисправни и нерегистрирани возила, 19 санкции за користење мобилен телефон, 17 за некористење сигурносен појас, седум прекршоци што ги чинат возачи на мотоцикли, три за непочитување на првенство на минување и 46 санкции за непрописно паркирани возила.

На 28.04.2021 во 10.30 часот во Полициската станица Карпош, Т.П.(57) од Скопје пријавил дека на ул.„Вангел Дину" бил каснат од куче скитник.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Ш.М.(42) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". Во периодот од август до ноември 2020 година во Штип, пријавениот лажно се претставувал и две лица од Штип довел во заблуда дека лекува болести. Тие му дале пари, злато и мобилни телефони и на тој начин се стекнал со противправна имотна корист од 788.200 денари.

На 28.04.2021 околу 09.10 часот во СВР Куманово било пријавено дека на железничката пруга Скопје-Куманово, во с.Романовце, вагони од товарен воз излетале од пругата. Повредени лица нема. По наредба на Јавен обвинител извршен бил увид од екипа на СВР Куманово.

На 28.04.2021 во 17.45 часот во СВР Скопје, С.Л.(34) од Скопје пријавила дека околу 17.00 часот во с.Чифлик нејзиниот малолетен син бил физички нападнат со тврд предмет од Е.Л.. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против С.К.(47) од Скопје, вработен во шпедиција, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". Во текот на јуни 2020 години, пријавениот во неколку наврати убедил лице од Скопје да учествува на неколку лицитации и од него побарал да уплати пари на сметки кои му ги доставувал. Притоа, оштетениот уплатил вкупно 810.400,00 денари. Откако по неколку дена, како што му било ветено, не ја добил стоката сфатил дека бил измамен.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Б.И.(38) од Струга поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 02.02.2021, полициски службеници од Полициската станица Струга извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

СВР Битола, СВР Куманово и СВР Охрид поднесоа кривични пријави против Д.Т.(43) и З.Б.(35) од Битола, А.В.(32) од Крива Паланка, Ч.А.(35) и В.А.(34) од с.Заграчани - Струга поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". Пријавените, во периодот од 22.03 до 18.04.2021 без дозвола за движење се движеле за време на ограничувањата дадени од страна на Владата на Република Северна Македонија за забрана за движење на возила и лица во периодот од 20.00 до 05.00 часот.

На 28.04.2021 во 18.15 часот во СВР Скопје, Љ.С.(51) од Скопје пријавил дека во период од 12.00 до 13.00 часот ролетна во неговиот дом на ул.„Речиште" била оштетена од залутано зрно. Повредени лица нема. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.04.2021 во 22.40 часот во СВР Скопје, од Градската општа болница „Св.Наум Охридски" било пријавено дека кај нив бил донесен 17-годишник со убодна рана од остар предмет. Според неговиот исказ, околу 20.30 часот на ул.„Македонско-Косовска бригада" бил физички нападнат од три лица кои со остар предмет му нанеле убодна рана. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет